ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 11 – 1/2007
Загреб, 27. 01. 2007.

# З А П И С Н И К

од **11. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **27.01.2007. година** со почеток во **12.10 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** Ангел Митревски – претседател на Заедницата, Душица Цветковски (со писмено овластување како замена на претседателката Ј. Цветичанин – Осиек, прилог), М. Мајиќ – Задар, И. Христодулов – Риека и Н. Гроздановски – Загреб.

**Отсутни:** Б. Штерјов – Загреб, претставник – Пула.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, А. Оџаклиески – претседател на Семакедонската координација во РХ, Зико Горгијев и Бојанчо Младеновски – Пула, В. Штерјова – Загреб, М. Давчевски – Риека, М. Паризоски – дописник на „М. глас“ – Загреб.

Седницата ја водеше прет. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни и му даде збор на А. Оџаклиески, кој исто така, поздравувајќи ги присутните, рече дека врзано за проблематиката со МКД „К. Мисирков„ има иницијатива да се одржи заеднички состанок со претставници од сите наши асоцијации за да се проба да се реши таа проблематика со тоа друштво, а потоа им посака на присутните успешна работа, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 9-та и 10-та седница;
2. Информатор за работата и активностите на Заедницата и друштвата од претходната (9. и 10.) седница до денес – друштвата се должни својот информатор да го поднесат на седницата во писмен облик во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ), а останатите 5 копии на Информаторот, друштвата меѓусебно директно треба да си ги проследат пред седницата, за да може да се води расправа за истите на самата седница;
3. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2006. godine“ со трошковниците;
4. Усвојување на записникот од Инвентурната комисија и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
5. Донесување на одлука за дефинирање на износот за Договорот помеѓу Заедницата и МКД „Охридски бисер„ за уредување на меѓусебните односи и услови за

користење на дел од просториите на Заедницата, а со цел за подмирување на дел од вкупните режиски трошоци на Заедницата и тоа од 01.01.2007. година;
6. Донесување на одлука за именување на новиот дописник, а воедно и член на Редакцискиот одбор на „Македонски глас„ од Задар – Еми Лонгин;
7. Донесување на одлуки за програмата за работа за 2007. година и распределба на финансиските средства за истата;
8. Разно.

**Ад. 1.** Врзано за оваа точка, се водеше дискусија за неколку прашања кои ги постави Д. Цветковски, а за кои и беше дадено кратко појаснување. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги усвоија** записниците од 9. и 10. седница на УО на Заедницата, со напомена од страна на М. Мајиќ дека на неа, како дописник на „М. глас„ сеуште не и е исплатен хонорарот од 100,00 кн. од Заедницата, а според донесената одлука на УО на 9. седница.

**Ад. 2.** На оваа седница обавезниот Информатор беше припремен и предаден од страна на сите друштва и од Заедницата, освен друштвото од Пула (прилог). Претс. А. Митревски даде предлог, информаторите од друштвата да не се припремаат повеќе за изминатиот период, туку за идното тромесечје, во форма на Информатор за план и програма на активностите на друштвата. Поради тоа, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Од идната седница да се припрема Информатор за план и програма на активностите на друштвата за тромесечјето кое следи, а кој обавезно треба да се предаде до крајот на претходното тромесечје, и тоа во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ);
- Останатите 5. копии на Информаторот друштвата меѓусебно директно да си ги проследат пред предметната седница, за да може да се води расправа за истите на самата седница;
- Заедницата и понатака припрема Информатор за работата и активностите на Заедницата од претходната до предметната седница, поради оперативните работи кои не можат однапред да се предвидат;
- Членовите на УО на Заедницата или некои трети овластени лица, повремено да одат во посета на друштвата, за да можат сите меѓусебно поефикасно да ги следат активностите и да ги разменуваат искуствата;
- Претс. А. Митревски да го праша А. Толнауер, претс. на Советот за нац. малцинства на РХ, дали и во иднина ќе се предаваат квартални или само полугодишни Извештаи за работата на Заедницата и друштвата, бидејќи таква одлука донел Пododборот за нац. малцинства во хрватскиот Сабор.

**Ад. 3.** Во врска со годишниот Извештај на Заедницата за 2006. година за Советот за нац. малцинства на РХ, Министерството за култура на РМ, Градскиот уред за образование, култура и спорт на Град Загреб и Министерството за наука, образование и спорт на РХ – (заедно со трошковниците за реализираните програми), се рече дека е изработен и на време предаден (прилог), како и Извештаите на друштвата (со доцнење на програмите од Риека и Пула). Новост е тоа, да од оваа година посебно се води и Евиденција на издадени патни налози од Заедницата (прилог). Речено е и дека трансферот на средствата за друштвото од Пула привремено ќе се стопира, додека не се реши тамошната ситуација. Изминатата година, и покрај сите непредвидени издатоци и подмирени долгови, но со рационално и економично работење, беше солвентно завршена. По дискусијата, членовите

на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** Извештајот на Заедницата за 2006. година со трошковниците и патните налози.

**Ад. 4.** Е. Петровска во кратки црти ги запозна присутните со спроведената инвентура на имовинската состојба на Заедницата од страна на инвентурната комисија (прилог). По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Усвоен е записникот од состанокот на инвентурната комисија на Заедницата;
- По предлогот на инвентурната комисија, да се изврши отпис на дел од имовината од „Порцуланка – промет„ која не е веќе за употреба – телевизор „Голстар„ и три книговодствени ормари (прилог бр. 4.).

**Ад. 5.** По оваа точка, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги именуваа** А. Митревски, Н. Гроздановски, Е. Петровска, Б. Штерјов и К. Велински да се состанат и да го дефинираат износот за Договорот помеѓу Заедницата и МКД „Охридски бисер„ за уредување на меѓусебните односи и услови за користење на дел од просториите на Заедницата, а со цел за подмирување на дел од вкупните режиски трошоци на Заедницата и тоа од 01.01.2007. година, за што УО на Заедницата ќе биде запознаен на наредната седница.

**Ад. 6.** Врз основа на донесената одлука на седницата на УО на МКД „Биљана„ од Задар, одржана на ден 22.12.2006. година, за разрешување на досегашната дописничка од Задар и член на Редакцијата на списанието „Македонски глас„ Мирјана Мајиќ и именување на Еми Лонгин (прилог), како и врз основа на донесената одлука на седницата на УО на МКД „Македонија„ од Сплит одржана на ден 24.01.2007. година, за разрешување на досегашната дописничка од Сплит и член на Редакцијата на списанието „Македонски глас„ Анка Урдинова Пережа и именување на Виолета Рајиќ Жгањер (прилог), членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се разрешува Мирјана Мајиќ од членството на Редакцијата на списанието „Македонски глас„ како досегашна дописничка од Задар;
- Се именува Еми Лонгин како член на Редакцијата на списанието „Македонски глас„ и како дописничка од Задар;
- Се разрешува Анка Урдинова Пережа од членството на Редакцијата на списанието „Македонски глас„ како досегашна дописничка од Сплит;
- Се именува Виолета Рајиќ Жгањер како член на Редакцијата на списанието „Македонски глас„ и како дописничка од Сплит.

**Ад. 7.** На консултативниот состанок во врска со финансирањето на програмите за 2007. година, кој се одржа на 15.01.2007. година во Советот за нац. малцинства во РХ (со претс. и потпретс. на Советот), во името на Заедницата беше присутен претс. А. Митревски кој на членовите на УО им поднесе извештај за работата на состанокот. Тој рече дека многу од предлог-програмите за финансирање во 2007. година кои беа пратени до Советот за нац. малцинства на РХ, не биле работени според важечките Критериуми за утврдување на финансиската помош за програмите на невладините здруженија и здруженијата на нац. малцинства, кои ги донесе Советот на седницата одржана на 18.10.2006. година. Оваа година се очекува зголемување на вкупните средства од Советот за 18% во однос на минатогодишните, но одлуката за финансирањето на програмите на мак. нац. малцинство сеуште не е донесена, па претс. на присутните им го прочита предлогот за Планот и програмата на работата за 2007. година, кој би требал да биде финансиски поддржан од Владата. М. Мајиќ беше незадоволна со предлогот за распределба на средствата за МКД „Биљана„ од Задар, со што беше предизвикана бурна расправа. Поради тоа, членовите на

УО со јавно гласање **со еден воздржан глас донесоа одлука** да се проба во текот на годината да се изнајде модус и да им се даде на друштвата од Задар и Загреб уште по 5.000,00 кн. за нивните програми, а за идната година со време ќе се работи на предлог-програмите, за да не се повторувааат истите грешки. По долгата расправа, членовите на УО со јавно гласање **со еден воздржан глас го усвоија** Планот и програмата на работа за 2007. година кој беше направен според пријавените програми на Заедницата и друштвата (прилог).

**Ад. 8.** Под точката разно се расправаше за повеќе теми. Н. Гроздановски даде предлог за во програмите за идната година да влезе книгата „Priđi bliže" од Корана Ковачевиќ Гјалски и Бранка Хлевњак со превод на македонски јазик, за што беше коментирано дека за таквов предлог е сеуште рано да се зборува. Потоа, тој ги извести членовите на УО дека на 01.02.2007. година, во организација на Советот на МНМ за Град Загреб, претставува монографија и изложба на своите ликовни дела и поради големите трошоци, ако е во можност, Заедницата да му помогне со откуп на неколку слики и книги. По расправата која се водеше и за други теми, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Заедницата да откупи две уметнички слики и четири монографии од Н. Гроздановски во вкупен износ од 2.000,00 кн.(**со два воздржана гласа**);
- Во рок од еден месец, во организација на Заедницата, да се свика вонредно Собрание на МКД „К. Рацин„ од Пула, на кое ќе се формира ново раководство, кое потоа, ќе биде потврдено од меродавните институции на градот Пула;
- Трансферот на средствата за друштвото во Пула се стопира додека не се реши проблематиката во тоа друштво;
- Расипаниот принтер да се замени привремено со некој поефтин, а за понатака, врз основа на неколку понуди, да се избере некоја посолидна техничка опрема (факс, фотокопир, принтер, компјутер, фотоапарат и сл.) која ќе се користи во работата на Заедницата;
- Почнувајќи од 01.01.2007. година, се зголемува хонорарот за сметководствени и книговодствени услуги за Заедницата, од досегашните 600,00 кн. на 700,00 кн. месечно;
- Се спроведува одлуката на вонредното Собрание на Заедницата, а на предлог на НО на Заедницата, паричниот додаток за хранарина на адм. секретарка на Заедницата, Е. Петровска, во износ од 200,00 кн., кој до сега се исплатуваше од благајната, почнувајќи од 01.01.2007. година, да се придодаде на нејзината плата;
- Да се проработи на збогатување на содржината на „Web" страницата на Заедницата со континуирано вметнување на информации од друштвата, а координаторот на страницата да даде поголем ангажман;
- Врзано за нерешената проблематика со МКД „К. Мисирков„ во најкраток можен рок да се иницира состанок, да се воспостави дијалог со И. Качуров, и да се реши ситуацијата со заклучаните простории во Заедницата, со тужбите и долговите, а како претстаници на тој состанок да бидат лица кои највеќе се упатени во таа проблематика (А. Митревски, Н. Гроздановски, М. Гиговски, Б. Штерјов, А. Оџаклиески и др.);
- Да се прати допис до ХРТ за емисијата за малцинствата во РХ „Призма„ како просведна нота за нивниот недоволен ангажман за пратење на работата на македонското нац. малцинство во РХ, а посебно на работата на Заедницата и нејзините друштва.

На крајот, претс. А. Митревски напомена дека е пристигнато Решение за Заедницата од Градскиот уред за општа управа на Град Загреб, со кое се регистрирани настанатите промени во застапувањето, и пред почетокот на седницата, истото е врачено на сите членови на УО, така да Заедницата може и понатака несметано да ги извршува своите деловни обврски.

Седницата заврши во **15.40** часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски